# ХИДРОКОЛ

*Еднокомпонентно лепило за плочки, произведено на цементна основа*
*Одговара на EN 12004 , класа C1*

## Област на примена:

За лепење на подни и ѕидни керамички плочки, за внатрешна употреба: холови, скали, простории за живеење, деловни простори и сл. Кај нерамните површини, при лепење на плочки со Хидрокол можат да се корегираат нерамнините на подлогата, во слој со големина до 1cm.

## Својства:

- добра лепливост
- одлична адхезија
- едноставен за приготвување
- едноставна изведба
- економичен

## Технички карактеристики:

| Својства | Метода | Декларирана вредност |
|---|---|---|
| Изглед | - | сив прашак |
| Класа | EN 12004 | C1 |
| W/M фактор вода/материјал | - | 0,2-0,28 |
| Отворено време за лепење на температура од 20°C | EN 1346 | 20 минути |
| Обработливост на температура од 20°C | - | 3 часа |
| Адхезија за подлогата при нормални услови | EN 1348 | >0,5MPa |
| Адхезија за подлогата по потопување во вода | EN 1348 | >0,5MPa |
| Адхезија за подлогата по циклуси мрзнење/одмрзнување | EN 1348 | >0,5MPa |
| Почеток на врзување | - | 3-7 часа |
| Крај на врзување | - | 10-12 часа |

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА

## Подготавка на подлогата:

### Подготавка на подлогата:

Хидрокол се нанесува на здрава подлога од бетон, цементен или продолжен малтер. Подлогата треба да биде чиста, обезмастена, обезпрашена и добро натопена со вода.

### Вградување:

Хидрокол се припрема со додаток на вода, при што смесата постојано се меша до потполно воедначување. По замешувањето, треба да се остави да мирува најмногу 10 минути, по што повторно се меша и се вградува. Вградувањето е со назабена глетарка или со шпахтла во слој од 4-10mm, по целата површина на подлогата, каде се лепат плочките. Пред вградувањето, плочките треба да се потопат во вода и со втиснување треба да се залепат на нанесениот лепак. Отворено време за врадување на замешаниот материјал е 20минути, на температура од 20°C. Температурата на подлогата при вградување треба да биде помеѓу 5°C до 35°C. Споевите помеѓу плочките се обработуваат со смеса за фугирање на Фугофил, најрано 24 часа по вградувањето.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| за слој со дебелина од 1mm | ~ 1,1 kg/m$^2$ |
| во зависност од подлогата | ~ 3,3-6,6 kg/m$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Вентил вреќи | 25kg |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5°C до +35°C. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и очите, како и директно вдишување на прашакот. При контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот дојде во контакт со очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Производот е назапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р. Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 820, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk